**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: ____________

УПП Бр. 03-8

Скопје ___.2018г.

Предмет: Одговор на претставка насловена „Манипулирање на јавноста користејќи средства за информирање“

Врска: УПП бр.03-8 од 18.04.2018

Почитуван/а,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку анонимната интернет адреса ( ) од Вас доби допис во врска со сториите на медиумите и кои се однесуваат на повикот за хуманитарна помош на самохран родител со две деца. Во дописот наведувате дека „во отсуство на правната регулатива по однос на веродостојност на некоја сторија, се овозможува на некои несовесни и неодговорни родители да манипулираат со јавноста“, дека господинот кој е татко на децата ги искористува прикажувајќи ги со незамаглен лик и ги изложува на потсмев и навреди помеѓу врсниците, како и дека има „отсаство на професионализам од страна на медиумите“. Исто така, посочувате и на одредени сознанија дека средствата кои се донирани за децата биле искористени за купување на „непотребна електронска опрема и небитни ствари“.

По добиеното известување беа прегледани прилозите на линковите што ни ги пративте ( „ “ од година и „ “ од година). По увидот во медиумските содржини, Агенцијата констатираше дека во известувањето на посочените медиуми не е прекршен Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ниту пак релевантните подзаконски акти, чие почитување е во надлежност на регулаторното тело.

Бидејќи во дописот посочувате на можна злоупотреба на средства од донации, Ве известуваме дека таквите прекршоци не се во надлежност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата ќе ги извести и за Вашата претставка и за нашиот одговор.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009